Архивски број: 0801-233/4

Датум: 16.8.2021 година

Постапувајќи по претставката за спречување и заштита од дискриминација, заведена под бр.0801-233/1 од 19.07.2019 година, поднесена од [redacted] од Скопје против Државната изборна комисија (ДИК) за заштита од директна дискриминација врз основа на член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) (Сл. весник на Република Северна Македонија бр.258/20) извршена врз основа на личен статус за време на претседателските избори 2019 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) врз основа на член 47 од ЗСЗД, на 16.08.2021 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

Се утврдува директна дискриминација од страна на ДИК кој врз основа на личен статус извршил дискриминација кон над 7000 граѓани за време на претседателските избори во 2019 година, кои и покрај тоа што биле запишани во избирачкиот список и можеле да го остварат своето избирачко право во првиот круг, биле спречени да го остварат истото избирачкото право за време на вториот изборен круг поради тоа што рокот на важноста на документот за лична идентификација им истекол помеѓу двата изборни круга.

## Образложение

На 19.07.2019 година од страна на [redacted] од Скопје, до КСЗД е доставена претставка за заштита од дискриминација поднесена против ДИК. Во претставката Институтот посочува дека ДИК извршил директна дискриминација врз основа на личен статус кон поголема група на граѓани. Ваквата дискриминација се случила за време на Претседателските избори во 2019 година, кон над 7000 граѓани кои и покрај тоа што беа запишани во избирачкиот список и можеле да го остварат своето избирачко право во првиот круг, биле оневозможени да го остварат истото избирачкото право за време на вториот изборен круг поради тоа што рокот на важноста на документот за лична идентификација им истекол помеѓу двата изборни круга.

Согласно член 47 од ЗСЗД (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.258 од 30.10.2020 година), КСЗД има обврска започнатите постапки за заштита од дискриминација како и поднесените претставки по кои не била започната постапка до денот на влегувањето во сила на овој закон, да ги заврши по одредбите на истиот. Согласно член 26 од ЗСЗД, на 21.05.2021 КСЗД до ДИК испрати известување дека против неа е поднесена претставка за заштита од дискриминација и побара да се изјаснат околу наводите во истата.

На 11.06.2021 година ДИК се изјасни по известувањето кое во КСЗД е заведено под број 0801-233/3. Во одговорот ДИК пишува дека според Изборниот законик (ИЗ), членот 108 став 4 „личниот идентитет избирачот го докажува со важечка лична карта или важечка патна исправа. Доколку избирачот нема важечка лична карта или важечка патна исправа нема да може да гласа, иако истиот го има во Избирачкиот список." Но, на одговорот кој го достави ДИК му е потребна фактичка корекција. Односно во членот 108 став 4 од ИЗ точниот цитат е дека „Личниот идентитет избирачот го докажува со лична карта или патна исправа" при тоа овој член никаде не наведува дека таа лична карта или патна исправа треба да биде важечка. Понатаму, ДИК пишува дека „Доколку избирачот нема важечка лична карта или важечка патна исправа нема да може да гласа, иако истиот го има во Избирачкиот список" но, ваква одредба во ИЗ не постои.

Односно, она што постои во ИЗ е Глава 4. ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗБИРАЧКО ПРАВО, делот 1. кој го регулира водењето на избирачкиот список, во чл. 41 с. 4 каде е наведено дека „во избирачкиот список се запишуваат сите граѓани со наполнети 18 години живот кои имаат живеалиште на територијата на Република Македонија, а кои имаат важечка лична карта или патна исправа" и ставот 10 кој е клучен за нашата аргументација а тоа е дека „Содржината на Избирачкиот список, односно изводите на денот на изборите (прв круг) не можат да се менуваат до завршување на изборите". Поточно, со ограничувањето на правото на глас во вториот изборен круг ДИК дефакто го променил избирачкиот список и им го ускратиле правото на глас на граѓаните кои поради нивната важечка лична карта се квалификувале да бидат на избирачкиот список и гласале во првиот изборен круг за Претседателските избори во 2019 година. Со тоа, ДИК извршил директна дискриминација по основ на личен статус затоа што го нарушил принципот на еднаков третман при остварување на избирачкото право кое е загарантирано со Устав и закон.

Со оглед на тоа што според ИЗ член 41 став 1 „Избирачкиот список го води Државната изборна комисија и е единствено надлежна за неговото ажурирање", Институтот за правни и политички истражувања со право ги посочува како дискриминатори и затоа КСЗД ја дава следната препорака.

## П Р Е П О Р А К А

Се препорачува ДИК, како единствен надлежен орган за водење на Избирачкиот список (член 31, став 1, став 2 точка 28-б од ИЗ), како единствен надлежен орган за ажурирање и промени на податоците од избирачкиот список (чл. 41 и 42 од ИЗ), да превенира секаков можен нееднаков третман и дискриминација на граѓаните кои се квалификувале да бидат на избирачкиот список. Притоа на ДИК му укажуваме на ратификуваните меѓународни конвенции, повелби и пактови со кои се гарантираат основните човекови, граѓански и политички права на граѓаните на Република Северна Македонија.

Меѓу другото, на ДИК му укажуваме и на членот 21 став 17 од ЗСЗД дека КСЗД има право да го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретни случаи на дискриминација сè до исполнување на истите. Односно дека, според член 27 став 3 и 4 од ЗСЗД, лицето на кое е упатена препораката е должно да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена, или во подолг рок доколку постојат особено оправдани причини, но не подолго од шест месеци. Доколку лицето на кое е упатена препораката не постапи по истата, КСЗД поднесува барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци. Со оглед на тоа дека следните избори се закажани за 17 октомври 2021 година, КСЗД и дава рок на ДИК да постапи по препораката во рок од 90 дена, односно во текот на следните локални избори да ја спроведе препораката.

Скопје
16.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:
1. Државна изборна комисија, Ул. Св.Кирил и Методиј бр 54, 1000 Скопје
2. [redacted] 1000 Скопје